## Правилен развој на говорот од 0-6 години

Од раѓањето со појава на првиот крик-плач почнува развојот на говорната комуникација. Плачот на новороденчето се разликува во зависност од неговите физиолошки потреби, се разликува тонски и по интензитет. Тоа постепено почнува спонтано да испушта гласови и звукови, да вокализира.

Околу 3-от месец новороденчето произведува гласови и звукови на задоволство ( гугање ).

Од 4-6 месеци се јавува фаза на брборење (баблинг). Се јавуваат гласовите (п, б, т, д, м )слоговите па, ба, ма, вокализира при возбудување или незадоволство.

Од 7-12 месеци баблингот вклучува и долги и кратки групи на звукови, како игра на говорните органи со цел да го привлече и задржи вниманието. Се повеќе имитира различни говорни звуци од околината.

На 12 месеци веќе се јавува, се изговара првиот збор со значење (мама, тата).

Во периодот помеѓу 1-2 години секој месец изговара се повеќе зборови.

Во средината на втората година околу 18 месеци почнува да поврзува, да сложува од еден до два збора заедно и се јавува реченица (проста реченица) Оде папа, мама доде, поврзува и го пренесува значењето. Употребува различни согласки на почетокот на зборовите.

Во периодот од 2-3 години има зборови за речиси се околу себе, именува, употребува реченица од 2-3 зборови (проширена реченица), препознава ситуација на слика и ја опишува со зборови. Говорот е повеќе разбирлив

Од 3-4 години речникот уште повеќе се збогатува, се изразува со реченица која содржи повеќе од 4 зборови, разбира искази и минати и идни дејствија. Поставува прашања со употреба за прашални заменки: Кој? Кога? Зошто? Говорот е појасен и поразбирлив.

Од 4-5 години разбира сложени структури, знае да каже приказна, поседува богат речник, најголем број од гласовите ги изговара правилно.

Од 5-6 години разбира и сложен говор. Речникот е многу богат. Се изразува со синтаксички сложени реченици и има граматички правилен говор. На 5,5- 6 години правилно ги изговара сите говорни гласови.